# ПРВ СКОПСКИ
# ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## 2022

БОЈАН ЃОШЕВ

# Содржина на документот

1.Историја и вовед 3
1.1. Кратка историја на извидништвото 3
1.2. За нас 4
1.3. Мисија и цел 4
1.4. Завет и Извиднички закони 5
2. Преглед на активностите во 2022 година 5
2.1. Еднодневни активности организирани од ПСИО 6
2.2. Повеќедневни настани организирани од ПСИО 9
2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО 10
2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО 10
2.5 Национални активности посетени од ПСИО 13
3. Новости во ПСИО 16
4. ПСИО во Медиумите 17
5. Структура и Волонтери во ПСИО 19
5.1 Волонтери во Прв Скопски Извиднички Одред 20
6. Финансиски извештај 20

# 1.Историја и вовед

## 1.1. Кратка историја на извидништвото

Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон –Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3години.Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст) во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП епрогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат, да забележуваат и да работат со чувство на одговорност.



Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING).Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две) момчиња- синови на свои пријатели и деца од квартот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп,кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година(1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година зазаслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во

Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери, Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

## 1.2. За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), уште познат како ИО Маршал Тито, е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента1952 година, за подоцна во 1953 година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на тогашна СФР Југославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна, доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење (WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 120 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 6 до 11 години се во група на јато и се нарекуваат развигорци, од 12 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат извидници, од 15 до 18 година формираат младински клуб и се нарекуваат истражувачи и над 18 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во јата, патроли, 1 клуб на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.

## 1.3. Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради еден подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес преку користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан, Јужна Африка во 1999 година.Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1.Обврска кон себе
2.Обврска кон другите
3.Обврска кон духовниот развој

### 1.4. Завет и Извиднички закони

Завет
„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони:

1.Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2.Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3.Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони:

1.На извидникот му е чест да му веруваат

2.Извидникот е корисен

3.Извидникот е добар другар

4.Извидникот е учтив

5.Извидникот е оптимист

6.Извидникот е верен и одговорен

7.Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења

8.Извидникот ја цени природата

9.Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности

10.Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

## 2. Преглед на активностите во 2022 година

ПСИО во 2022 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност, стекнување на нови вештини и создавање подобар свет.

## 2.1. Еднодневни активности организирани од ПСИО

1. Завет 2022

За време на нашиот зимски камп, на 10 јануари 2022г. беше организирано свечено давање извиднички завет. Кон нашата ПСИОвска фамилија и официјално ни се придружија Јоаким, Тони, Михаил, Илина и Леон. Преку кажување на Заветот и фрлање дрвце со своето име во огинот, тие дадоа чесен извиднички збор дека ќе живеат и работат по извидничките закони и конечно, заслужено ја ставија на врат ПСИОвската марама. Завет на извидничкото движење во Република Северна Македонија “Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.



2. Snowshoeing 12.02.2022

10 Извидници на ПСИО учествуваа на незаборавна snowshoeing авантура во густа магла, но по некое време небото ни се отвори и огреа сонце. Пешачевме 3ч и свртевме еден голем круг низ Маврово. Неверојатно чувство, новиот предизвик успешно совладан, авантура која топло ви ја препорачуваме.Огромна благодарност до пријателите Carevec Mountain Hut и Michal Vit

3. Одбележување на Светскиот ден на извидниците

По повод 22ри февруари, Денот на извидниците, извидниците и извидничките одреди реализираа активности на локално и национално ниво под мотото "Направи добро дело".

Истото се состоеше од:

- крводарителски акции
- социјална помош за лица кои им е најпотребно
- интеграција на деца со помалку можности
- собирање донации
- згрижување на улични животни



4. Добро дело – Јато Лалиња 13.02.2022

Јатото Лалиња за денот на извидниците беа во посета на Happy shelter каде што донираа храна и ги хранеа животните.

5. Добро дело – Јато Фикуси 18.02.2022

Јатото Фикуси по повод Светскиот ден на извидниците изработува мартинки.Целта на ова добро дело беше како со мало внимание може да се предизвика насмевка на случајни минувачи.

6. Добро дело – Патрола Леопарди

По повод Светскиот ден на извидниците - 22ри февруари, патрола Леопарди сендвичи и се прошетаа низ центарот на Скопје и им поделија на сите бездомни лица кои ги сретнаа.

7. Добро дело – Патрола Панди и Јато Трски

Патролите Панди и Трски се шетаа по улиците низ Центар и на сите совесни возачи кои им застанаа на пешачки премин им подарија бонбони и ароматизери за нивните автомобили.

8. Добро дело – Јато Лотуси и Детелинки

Јатата Детелинки и Лотуси како добро дело се искачија до Средно Водно и го собраа отпадот од несовесните „љубители“ на природата по главниот пат. Сепак од големото искуство на вакви акции за почиста животна средина убаво беше да се забележи помалку ѓубре од вообичаено.

9. Добро дело – Патрола Мармазети

Патрола Мармазети за 22ри Февруари денот на извидниците ги потсети ветераните од нашиот одред на нивните извиднички денови. Во нашите простории најдовме албуми со слики од луѓето кои низ годините го воделе одредот. Направивме збирка на најзабавните и култни фотографии и напишавме неколку убави зборови и благодарност до овие членови. Лично ги доставивме и им поставивме неколку прашања за историјата на нашиот одред.

10. Отворен ден - посета во ОУ Ј.Х. Песталоци

Наша Ена од јато Трски имаше училишна задача да опише некоја од нејзините вонучилишни активности. Таа секако најмногу ги сака извидниците, па реши да ги покани директно на час за да ги запознае своите соученици со тоа што е извидништво. На наша огромна чест бевме во Песталоци каде покрај Ена, не дочекаа и Матеа и Ева. Поминавме одличен час раскажувајќи за сите наши авантури и разбудивме желба кај многу деца да се придружат на најголемото светско семејство.

11. Посета на Археолошки музеј. – 12.03.2022

Јатата Детелинки и Лотуси беа на посета во Археолошкиот музеј. Ги разгледуваа сите споменици и статуи, каде што научија многу за нив и најважно од сé е што сите многу се забавуваа.

12. Садење дрва заедно со Threebank – 27.03.2022

"Потребно е село да се одгледа дете" ќе ја смениме во "Потребна е заедница да се одгледа шума".



За еден викенд засадени вкупно 3200 дрвја. На ден 27.03.2022 16 извидници од нашиот одред денот го поминаа садејќи нови дрвца во с.Раштак. Засадивме околу 60 нови дрвца, а ако ги прашате останатите кои беа со нас ќе ви кажат дека од нашиве не можеле да дојдат до празна дупка.

Голема благодарност до Treebanks за поканата и дружбата, се надеваме ќе се дружиме вака пак.

13. Adventure Park Skopje 19.05.2022

Сите патроли од нашиот одред ја поминуваа адреналинската стаза во Adventure Park Skopje и секако се журкавме на забавата на Che Cafe Bar и Fat Kitchen

14. Пролетни бакнежи, прегратки 2022

На ден 04.06.2022 се одржа нашата традиционална акција, оваа година со име Еко Херои. 20 екипи се натпреваруваа во општи извиднички дисциплини и знаења за климатските промени и заштита на животната средина. Се надеваме дека сите си поминаа најзабавно и се гледаме повторно следната година на нашата акција за развигорци и извидници.

15. Состанок во Театар за Деца и Младинци

Јато Лалиња беа на една поинаква и несекојдневна посета на Театар За Деца И Младинци Скопје . Тие преку овој состанок се стекнаа со почетно знаење за успешно освојување на амблемот за глума. Покрај тоа имавме можност да го гледаме целиот процес на глумците и нивната подготовка за на сцена а по завршувањето на претставата имавме можност да поразговаравме и со сценографот, костимографот, задолжените за светло и сите вклучени во магијата. Имавме многу убаво искуство па во иднина можеби ќе не видите во нашиот мал театар ПСИО.



Голема благодарност до нашиот другар и глумец Мартин Јорданоски кој ни ја овозможи оваа авантура, како и до сите глумци од претставата: Наташа, Ана, Винета, Ненад, Ангела и останатиот тим за топлиот пречек и преубавата атмосфера. За крај честитки за одличната претстава ,,Лажеш Мелита" на Иван Кушан, ја препорачуваме од срце.

16. Столарски едукативен центар

За еден од поинтересните и несекојдневни состаноци го одвојуваме овој. ПСИО клуб заедно со пријателите од Столарски центар правеа гитари составени од даска од палета и конзерва. Оваа едукативна работилница придонесува и кон намалување на отпадот и реупотреба на истиот. Ии благодариме на Ранте, Казан и сите останати љубезни луѓе

## 2.2. Повеќедневни настани организирани од ПСИО

17. Зимски камп 08.01 – 12.01.2022

Во период од 08 до 12 јануари 2022. нашиот одред традиционално го организираше одредскиот зимски камп. Кампот го посетија 50тина членови на ПСИО од сите категории. Овој камп беше организиран на Попова Шапка, во планинарски дом Смрека,



кој нуди одлични можности за работа, располага со повеќе од 90 легла, огромна и добро опремена кујна, тоалети и секако атрактивна локација поготово за зимски денови. На кампот, извидниците уживаа во снежни активности и игри како снежни војни, градење снежни кули, триатлон на снег со санкање, трчање и стреличарство, познатата игра во тимови Capture the flag и многу слободни игри и време на воздух. Попладневните часови ги поминувавме во домот, користејќи ја големата просторија која одлично ни послужи за вежбање на патни знаци, морзеова азбука, глума, градење макети, Egg drop project и слично.
На наша огромна чест и задоволство на зимскиот камп ни се придружи и познатата планинарка Ирина Дишовска, која ни раскажуваше за нејзината авантура и искачување на врвот Ама Даблам на Хималаите. Пет дена исполнети со дружба и многу извиднички активности засекогаш ќе останат во нашите извиднички срца.
Овој камп, како и нашиот одред нема да биде тоа што е, без нашите водачи, млади волонтери кои своето слободно време несебично го даваат на извидничкото движење. Горди сме на вас: Амелиа, Кузе, Ангелина, Иван, Пеце, Петар, Мартина, Горјан, Викса, Ѓошев и нашиот старешина Зоки.

18. Пролетен бивак 22.04 – 25.04.2022

Во период од 22 до 25 април 2022г. 80 извидници од ПСИО престојуваа во природа во нашиот дом “Чичко Боро” Мала река и имаа можност да стекнат нови вештини како: стреличарство, стрелаштво, јазли, ориентација, сигнализација и огништа. Нашите водачи како и секогаш атрактивни и креативни во креирање на програмата и активностите. Кампот имаше симболичка рамка на лик Џуманџи на ПСИОвски начин. Деновите секогаш ги започнувавме со утринска гимнастика и свечено отворање на ден со поздрав кон знамето и пеење на македонската химна, а вечертите поздравот беше упатен кон логорскиот оган и извидничката химна „Пламен се дига“.Бевме на еден нов хајк да го видиме местото каде се спојуваат Мала Река и Кадина, вежбавме и игравме скаутбол, фарбавме и се кршевме со јајца, рипавме по цели денови и ноќи на

трамболината, правевме и јадевме шеќерна волна, манчмелоу на оган, се пуштавме на зиплајн, игравме одбојка – многу сме подобри од лани, масата за фудбалче беше невозможно да ја начекаш празна …чистевме и се грижевме сите заедно за хигиената во кујната, дворот и тоалетите и секако секоја вечер се забавувавме покрај логорскиот оган. Кампот некако на сите многу брзо ни заврши, но за да го памтиме засекогаш на затворањето поделивме амблеми, дрвени привезоци со логото на Мала Река и секако вештарства. Уште еднаш огромна благодарност до нашите пријатели и поддржувачи без кои извидничките кампови нема да бидат тоа што се – најдобри на свет.

19. Есенски бивак 08.10. – 11.10.2022



Во период од 08 до 11 октомври на планината Дешат во планинарски дом „Говедарница“ кој се наоѓа на 1 км над селото Жировница, сместен во близина на Таироска река со поглед на прекрасната планина Бистра го организиравме нашиот традиционален есенски бивак со симболичка рамка Хогвортс. На кампот присуствуваа 60 извидници на возраст од 7 до 25 години. За храната, програмата, хигиената и целокупната организација како и секогаш се грижевме сите ние заедно. За време на бивакот покрај тимските игри, бевме на прекрасен хајк, полудневен илегалец со цел запознавање на с.Жировница, новите членови дадоа свечено Завет, а сите ние го повторивме истиот и ги добивме јубилејните марами. За една од најинтересните активности ќе ја издвоиме Quidditch за која сите си направивме метли и ја прилагодивме со правила од нашата традиционална скаутбол. Прекрасно искуство, нови вештини и спомени кои секогаш ќе ги носиме со нас. До следна повеќедневна дружба, Ве поздравуваме со извиднички поздрав, Биди подготвен.

## 2.3 Меѓународни активности организирани од ПСИО

Scout exchange Macedonia vs Belgium 14.07-19.07.2022
Во период од 14 до 19 јули 2022 год. во организација на ПСИО се одржа младински камп со извидници од Македонија и Белгија кој активно учество земаа повеќе од 30 извидници. Кампот се одржуваше 6дена на Китка, Мала река. Деновите ни беа исполнети со многу активности организирани од страна на ПСИО и белгиските извидници.

## 2.4 Меѓународни активности посетени од ПСИО

20. Естонија, Парну 01.02 – 11.02.2022

Естонија, Парну 01.02 – 11.02 На оваа младинска размена присуствуваше нашиот водач Крајчевска Сара. Оваа младинска размена се одржуваше во Естонија, Парну во периодот од 01 до 11 февруари. Оваа мобилност вклучува активности засновани на екологија за да им се помогне на младите луѓе да добијат компетенции за справување

со климатски прашања меѓу весници. Фокусот е ставен на изнаоѓање начини да им се овозможи на младите луѓе глас во развојот на онлајн претпријатие. Завршениот производ ќе биде во форма на написи, поезија, уметност, фотографија, фикција и ставови од мислења што ќе бидат отпечатени и лансирани на отворена вечер на музика и поезија за пошироката јавност. Целта е самостојно вклучување на млади во неформални и групни дискусии засновани на тема, ангажирање во креативен дизајн и активно учество на работилниците. Проектот е поддржан од програмата Еразмус+, а благодарност за оваа можност упатуваме до нашите пријатели Младински Совет Нова Генерација.

21. 6та Интернационална Смотра на Црна Гора





Во текот на летниот период 28.07.2022 – 05.08.2022 во Грахово, Никшич – Црна Гора, извидниците организираа интернационална смотра, на која 33 извидници од ПСИО земаа активно учество во атрактивни активности, создадоа нови пријателства, се запознаа со прекрасната Црна Гора и учествуваа во активности кои имаат за цел да и помогнат на локалната заедница, зачувување на животната средина, но и научија нешто повеќе за човековите права, мир и слобода, како и живот во заедништво. Програмските активности беа поделени во 6 области:

1. Живот во камп: учество на извиднички работилници, стекнување животни вештини, социјални едукативни игри, учество на саем на колекционери, извидничка телевизија, концерти на кои ќе настапуваат црногорски и регионални музички ѕвезди.

2. Запознај ја Црна Гора: еднодневни посети на градот Никшич и градот Котор.

3. Спорт и рекреација: велосипедизам во шумата околу Грахово, качување на вештачка карпа во склоп со кампот, кајакарење на Граховско езеро, пливање и ватерполо на Граховско езеро, фудбал, кошарка, одбојка, стрелаштво, стреличарство и многу други.

4. Активности за млади: практикување лидерство, тимска работа, социјални вештини, младинска политика и младински услуги, хуманитарни активности.

5. Екологија и светото околу нас: можност за истражување на над 140 различни видови на растенија, тура околу заштитеното подрачје Бјела Гора, набљудување на птици, активности за зачувување на водата и водните ресурси на Црна Гора, програма за рециклирање и еколошки активности.

22. Training Course “Inner Peace and Peace with Nature” Project place: Winterthur near Zürich, Switzerland, Project dates: 13-19 October 2022

Инвестирањето во своето неформално образование ни помага да ги прошириме нашите погледи кон иднината, да се обучиме со нови животни вештини и запознаваме нови пријатели од Европа. Во период од 13-19 октомври 2022, нашите водачи Кузе и Бојан посетија тренинг курс насловен “Inner Peace and Peace with Nature” кој се одржа во Winterthur, Швајцарија.



За време на тренингот учесниците:

Ги продлабочија своите знаење и разбирање за концептот на мирот и неговите различни нивоа (интраперсонално, интерперсонално со природата)

Истражуваа специфични начини за одржување на внатрешниот мир на дневна основа,

Учеа, споделуваа и доживуваа различни практики за живеење во мир со природата,

Научија како да живеат во мир и да дејствуваат за мир преку активности од мали размери кои можат да се направат дури и без големи ресурси, Се стекнаа и опремија со различни алатки и методи поврзани со мирот кои во иднина можат да ги користат во својата работа и секојдневниот живот. Разменуваа добри практики, инспирации, споделување ресурси и идеи и планираа последователна акција која треба да се одржи во којата локална заедница по завршувањето на курсот.



23. The future is digital Rettenegg, Austria 19.11 – 27.11.2022

Нашите водачи Иван и Бојан учествуваа на младинска размена на тема иднината е дигитална. Во период од 19 до 27 ноември заедно со уште 50тина млади од Италија, Шведска, Австрија, Србија и Турција имаа можност да бидат дел од овој проект кој целеше:

1. Да ги мотивира луѓето да учат, да ги подобрат или да ги надградат своите дигитални вештини за едукација, барање работа,

2. Да научат основни, средни и напредни дигитални вештини, како и меки вештини

3. Да ги инспирира учесниците да користат дигитални технологии за да ја изразат својата креативност и да обезбедат простор да ги трансформираат своите идеи во реалност користејќи дигитални алатки.

4. Да добијат разбирање за рамката на дигиталната компетентност и нејзината релевантност во денешното општество
5. Да ги охрабрат младите да прифатат промени и научат како да се прилагодат на нив.
6. Да се подигне знаењето на младите за користење на дигиталните и социјалните медиуми како алатка за работа и регрутирање.
7. Да развијат практични способности за Wordpress, вештини за дизајнирање и способност за користење на различни онлајн креативни алатки
8. Да се развијат материјали за да се обезбеди подобра мотивација за младите преку неформално образование
9. Да се создадат позитивни мотивациски исходи за поддршка на ангажман, истражување, уредување на пишување и презентација на работа.

24. Youth exchange Berlin, Germany 01.12 – 09.12.2022

Во период од 1 до 9 декември шест извидници од Прв Скопски Извиднички Одред учествуваа на младинска размена за толеранција во Берлин.
На проектот земаа учество млади од седум држави: Македонија, Унгарија, Италија, Бугарија, Турција и Германија.
Нашите извидници имаа прилика да разменат искуства, да се запознаат со нови култури и создадат нови пријателства. Овој тип на размени поддржани од Еразмус+ програмата за мобилности секогаш одвојува можност шанса младите да искусат историски и едукативни прошетки низ градот каде се наоѓаат.



Темата на размената беше толеранцијата помеѓу младите и запознавање со различни култури.
Целите на овој проект се :
- да се адресира недостатокот на толеранција на ниво на Европа и да се подигне свеста за овој проблем кај партнерските земји
- да им овозможи на учесниците ефективно да комуницираат и работат со луѓе кои имаат различно културно минато, вклучувајќи и луѓе кои претставуваат малцинства
- да креираат алатки за споделување на знаењето што го стекнале на проектот (блогови, буклети, видеа и фотографии)
- да се прошири знаењето на учесниците за Erasmus+ програмата
- да се зајакне соработката помеѓу партнерите
Огромна благодарност до нашите пријатели ИПО Галеб кои ни ја овозможија оваа незаборавна авантура.

## 2.5 Национални активности посетени од ПСИО

25. 49ти Меморијал „Марко Граорковски"

Екипа Леопарди учествуваше на 49-от по ред традиционален меморијал на ИПО Јадран „Марко Граорковски" каде што го освои ПРВОТО МЕСТО. Сите си поминавме одлично и со нетрпение ја чекаме следната акција. Честитки на организаторите за успешниот настан и на останатите екипи.

26. 25та Златна Бубамара на популарноста



Златна Бубамара на популарноста, најголемиот музички културен спектакл. И оваа година на сцената се појавија најголемите музички имиња од Македонија и регионот, а меѓу нив и нашиот Петар кој ги додели првите две награди. За неговиот изглед и поддршка тука беа мајка му Елена Ачкоска , неговиот водач од извидници Бојан Ѓошев и секако Снежана Јанковиќ која (не) ги тера извидниците да јадат грашок .

27. Традиционален натпревар на ИО Феникс

Од Прв Скопски Извиднички Одред учествуваа две екипи од кои екипата Кобри од истоимената патрола во состав: Давор Трајковски, Николина Китановска, Стефан Јованов и Јована Ефремова го освоија пехарот за прво место на традиционалниот натпревар во организација на ИО Феникс од Прилеп. Честитки за сите екипи и организаторите за одличниот викенд. Со извиднички поздрав, Биди подготвен!

28. Водени Лудории ИПО Галеб

На 16.06.2022 Пет екипи од Прв Скопски Извиднички Одред учествуваа на традиционалната акција на Извидничко Поречански Одред Галеб - Водени лудории 2022г. На акцијата беа реализирани активности и игри од извиднички, забавен и натпреварувачки карактер, истите беа реализирни на базен и на теренот во рамките на комплексот. Нашите извидници освоија 1 и 2 место во категорија развигорци и 2 и 3 место во категорија извидници. Најважно од се е што се дружевме и си заминавме со насмевки и задоволство на нашите лица.

29. Младинска АКАДЕМИЈА за волонтеризам и активизам 15-22.08.2022

Академијата за волонтеризам и активизам претставуваше тренинг камп кој беше наменет за средношколци кои во текот на 7 дена се стекнуваа со вештини за делување на локално ниво, соработка со локални институции и учество во работата на локалните младински совети. Академијата претставуваше зона за вмрежување на млади од повеќе региони во процесите на застапување пред општините, за промоција на дигитална писменост, интеркултурно учење, стручно образование, критичко размислување, разбирање на инклузивноста и диверзитетот и промовирање на вредности за солидарност, еднакви можности и човечки права помеѓу младите.

Академијата е дел од проектот "Млади – агенти на промената", финансиран од Европската Унија, е имплементиран од страна на Центар за интеркултурен дијалог во партнерство со Сојуз на извидници на Македонија и Новус – Струмица. Истиот ги адресира младинските иницијативи, активизмот и волонтерството како едни од



клучните предуслови за подобрување на демократијата и партиципативноста на локалната власт како и зајакнување и сеопфатно директно вклучување на граѓаните во демократските процеси на локално ниво.

Младинскиот тренинг камп – АКАДЕМИЈА за средношколци за волонтеризам и активизам се одржа во период од 15.08 – 22.08.2022 година во Извиднички Центар Охрид – Охрид.

Од нашиот одред ангажирани за спроведување на програмскиот дел беа Снежана Јанковиќ и Бојан Ѓошев, додека пак како учесници присуствуваа Андреј Кузевски – Кузе, Николина Китановска и Тодор Христов – Тоше

30. Школа за Прва Помош и Заштита

Во рамките на ноемвриската програма за Прва Помош и Заштита (ППЗ) се одржаа три регионални обуки на кои активно учество земаа повеќе од 70 истражувачи и ровери.

За поголема достапност на обуките за сите одреди и членови, истите се одржаа на 3 различни локации, и тоа во Скопје, Штип и Битола.

Обуката опфати повеќе различни теми од ППЗ - кои беа поминати и теоретски и практично, како што се крварења, скршеници, задушување со страно тело, проверка на витални знаци и многу повеќе.

Целта на оваа едукативна програма е градење на капацитетите на одредите преку градење на капацитетите на членството, како за стекнување на натпреварувачко знаење од областа, така и за подготовка на нашата целна група - водачите на нашите извидници за соодветна реакција и подготвеност во различни ситуации кои можат да се случат во секојдневниот живот.

31. 36ти извиднички средби- Велес

Нашите извидници ги освоија 2то и 4тото место на овогодинешните Средби на извидници во с.Голозинци во организација на ИО Димитар Влахов од Велес. Три дена прекрасна дружба со извидници од цела земја. Честитки до сите екипи, одреди и организатори.

32. Школа за соларна енергија

Во периодот од 24.09 до 25.09 се одржа школата за соларна енергија во организација на нашите пријатели извидниците од Извиднички Одред Браќа Миладиновци. Од нашиот одред учествуваа Николина Китановска и Јована Ефремова.

33. Државен Извиднички Орентационен Натпревар

Во периодот од 08.10 до 10.10 се одржа традиционалниот Државен извиднички ориентационен натпревар (ДИОН). Од Прв Скопски Извдиднички Одред учествуваа 2 екипи каде што ги покажуваа своите извиднички вештини како: цртање на извиднички материјали, ориентација и топографија, прва помош и заштита, извидништво, сигнализација и пионерство. Нашите извидници ги освоија 1то и 2то место во категорија



извидници. Огромни успеси на нашите извидници, а пред се нашите млади водачи кои несебично го посветуваат своето слободно време во едукација и грижа кон сите членови. БРАВО дечки, браво Ангел Спасовски

34. Извидниците за Својот Град

Извидниците за својот град 2022 е традиционален натпревар во организација на ИО Браќа Миладиновци. Секоја година се одржува по повод 13 Ноември - Ден на ослободувањето на Град Скопје. И оваа година на настанот присуствуваа голем број извидници не само од Скопје, туку и од Кичево, Штип, Кавадарци...а Прв Скопски Извиднички Одред дури со 32 членови распоредени во 8 екипи и своите водачи. Секако освоивме и пехар за II (второ) место во категорија развигорци. Благодарност и честитки до организаторите.

# 3. Новости во ПСИО

Во новата 2022 година примивме 20 нови извидници кој се зачленија во јата и патроли и исто така имаме ново јато Кокичиња кое е предводено од нашите нови водачи Ања и Тоше. ПСИО на секои 2 години ја менува својата униформа/маица со тоа што оваа година па се до 2024 година официјалната боја е темно сива исто така долго ни требаше да се организираме но еве не, оваа година имаме нови дуксери и поларки. Извидниците од ПСИО и пријателите го градат сонот за Шумско Домче веќе 5 години и со задоволство можеме да се пофалиме дека е еден од најубавите планински домови во нашата земја. Во 2022г. е изградена трета соба на вториот кат. Оваа соба е со големина од 18 м², во неа има кревети на спрат и шкафчиња за одлагање на ранци.
ПСИО во 2022 полни 70 години од неговото постоење па затоа повторно направиме јубилејни марами. На престојниот есенски бивак сите присутни извидници го повторивме Заветот и свечено ги добивме јубилејните марами кои ќе ги носиме низ текот на цела извидничка година.




На 5ти ноември 2022г. во просториите на ПСИО се одржа редовно изборно Собрание на организацијата. Со 14 присутни од 15 членови на Собрание за нов Старешина, претседател на ПСИО се изгласа нашата Ивана Манчевска како и членови на Старешинство Виктор Гилев и Бојан Ѓошев.
Со нови погледи и планови за раст на ПСИО, кој воедно е најбројниот и активен извиднички одред во државата им честитаме на избраните кандидати и им посакуваме градење на уште поатрактивна младинска организација. Со оваа

структура Прв Скопски Извиднички Одред и официјално е 100% младинска организација.
Прв Скопски Извиднички Одред потпиша договор за проект со Глобален Еколошки Фонд - ГЕФ ПМГ. Повеќе информации и за што точно се работи ќе споделиме во периодот кој следува. Може само да Ви ветиме дека сите кои ќе имаат желба, ќе можат да ни се придружат.
Секој година традиционално, ние водачите на ПСИО кои неуморно своето слободно време го посветуваме на извидници се собираме предновогодишно да ја прославиме и заокружиме годината со прослава на која одбираме ВОДАЧ на годината. Не само оваа, туку од самиот почеток наша Радевски е една од ретките кои секогаш организира и спроведува најзабавни и едукативни состаноци за своето - веќе добро познато најбројно јато, на сите состаноци и активности јато Лалиња. Честитки Раде наша, остани каква што си, бидејќи ние те сакаме повеќе од сè, сега и секогаш!
Ви благодариме родители на извидници, пријатели и поддржувачи кои сте секогаш покрај нас, во добро и лошо.

## 4. ПСИО во Медиумите

| **Бр.** | **Извор и наслов на веста** | **Кратка информација и линк** | **Датум** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. | RAZBISTRI.SE<br><br>Како изгледа извиднички камп: Два дена со младите извидници на реката Бабуна | Не се плашат ниту од дожд ниту од умор за да уживаат во рајската природа. Ги однесовме младите извидници од Првиот скопски извиднички одред на изворите на Бабуна. Два дена дружење, групни игри, стекнување вештини и учење. Погледнете колку беа воодушевени и какви силни пораки испратија да не се загадуваат водите и природата. А и ве предизвикуваме преку примерот на извидниците да размислите за вредностите кои вас ве носат низ животот!<br><br>ЛИНК | 24.01.2022 |
| 2. | Канал 5.мк<br><br>Со какви вештини се стекнуваат извидниците во извидничките одреди | Утрово се дружевме со наша Снеже и Бисера од Канал5. Снеже на кратко раскажа за нашите вештарства, обележја и зошто е важно неформалното образование. | 16.02.2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | KAJAK.MK<br><br>Ние сме извидници и нашата цел е да помагаме на секој кој му е потребна помош | Во изминатиот период беше доста актуелна темата поврзана со младите извидници во Македонија, но ретко кој зборуваше на прашањето дали сите деца коишто сакаат да бидат дел од ваквите извиднички патувања можат да си дозволат соодветна опрема за посета на планината?<br><br>ЛИНК | 22.02.2022 |
| 4. | ECROWD.MK<br><br>Помогнете ни да го подобриме Шумско домче, Извиднички дом „Чичко Боро“ | Заради зголемениот број на деца и млади кои се сѐ почести посетители на планината Китка (Мала Река), нашето Шумско домче има потреба од доградба на соба. Заедно, со мали донации, да овозможиме престој на планина за сите љубители на природата. Поддржете ги извидниците и Шумското домче!<br><br>ЛИНК | 07.03.2022 |
| 5. | Radio Bubamara<br><br>Извидничката униформа украсена со ПСИОвската марама на Златна Бубамара | ZLATNA BUBAMARA 2022<br><br>Petar Ackovski (Grasok) dobiva nagrada Heroj na godinata i gi dodeluva nagradite za najpopularna animirana TV serija Svetot na Bibi i najpopularna detska emisija i tinejdzerski hit Dajte muzika | 25.05.2022 |
| 6. | Vodic.niz.mk<br><br>Извиднички дом „Чичко Боро“ | При нашата прошетка на Китка бевме во посета на извиднички дом „Чичко Боро“ кој се наоѓа на 35 км од Скопје, во викенд населбата Мала Река на планината Китка на надморска височина од 950 метри. Населбата Мала Река е опкружена со природа која изобилува со густа шума, покрај Мала Река која е притока на р.Кадина, а многуте патеки за хајкинг и планински велосипедизам ја претвараат во одлична локација каде можете да го поминете вашиот викенд.<br><br>ЛИНК | 02.11.2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Сител Телевизија<br><br>Првиот Скопски извиднички одред во септември прославува 70 години од постоењето | Краток разговор со Ивана Манчевска која ни објаснува за 70 години постоење и структурата во одредот.<br><br>ЛИНК | 06.15.2022 |

## 5. Структура и Волонтери во ПСИО



### Структура на Прв Скопски Извиднички Одред

### Старешина на одредот / Претседател

**Ивана Манчевска**

Е-пошта: ivana.mancevska15@gmail.com / Поврзи се со Ивана Facebook Instagram

### Членови на Старешинство / Управен одбор

### Началник на одред

**Виктор Гилев**

Е-пошта: viksa_pestaloci@hotmail.com / Поврзи се со Виктор Facebook Instagram

**Бојан Ѓошев**

Е-пошта: gosevbojan@gmail.com / Поврзи се со Бојан Facebook Instagram

**Иван Велкоски** – одговорен за логистика и поддршка

Е-пошта: ifcepifce@gmail.com / Поврзи се со Иван Facebook Instagram

## 5.1 Волонтери во Прв Скопски Извиднички Одред

1. Ангелина Ефремова / Е-пошта: anngellinna.2003@gmail.com
2. Владимир Камбовски / Е-пошта: VKambovski001@gmail.com
3. Александра Радевски / Е-пошта: aleksandraradevski@gmail.com
4. Амелиа Георгиева / Е-пошта: ameliageorgievska@gmail.com
5. Ангел Спасовски / Е-пошта: spasovskiangel8@gmail.com
6. Андреј Кузевски / Е-пошта: andrejkuzevski5@gmail.com
7. Горјан Анѓушев / Е-пошта: angjush.gogo@gmail.com
8. Кристијан Китанов / Е-пошта: kitanovk@gmail.com
9. Петар Ѓошев / Е-пошта: gosevpetar@gmail.com
10. Петар Петровски / Е-пошта: petrovskip22@gmail.com
11. Сара Крајчевска / Е-пошта: sarakrajcevska0.@gmail.com
12. Тодор Христовски / Е-пошта: todorh200y@gmail.com
13. Ања Зикова / Е-пошта: anja.zikova@gmail.com
14. Ана Димчевска Семенпеева / Е-пошта: anapolzav@yahoo.com
15. Зоран Шиљковски / Е-пошта: zokisiljo@yahoo.com

**Извршна канцеларија / Координатор на проекти**
**Снежана Јанковиќ**
Е-пошта: snezepsio@hotmail.com / Поврзи се со Снежана Facebook Instagram

# 6. Финансиски извештај

Официјален документ издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија

ЕМБС: 04104285
Целосно име: ПРВ СКОПСКИ ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 1.287.800,00 | | | 762.873,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 376.089,00 | | | |
| 204 | - - Други услуги | 796.266,00 | | | 505.558,00 |
| 209 | - - Наемнини | 23.150,00 | | | |
| 210 | - - Други материјални расходи | 92.295,00 | | | 257.315,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 272.862,00 | | | 104.841,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 13.647,00 | | | 15.041,00 |
| 216 | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 243.215,00 | | | 73.600,00 |
| 218 | - - Членарини | 16.000,00 | | | 16.200,00 |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 386.020,00 | | | 386.880,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | 373.272,00 | | | 372.624,00 |
| 232 | - - б) Вкалкулирани надомести | 12.748,00 | | | 14.256,00 |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 1.946.682,00 | | | 1.254.594,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **236** | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 541.452,00 | | | 328.008,00 |
| **238** | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 541.452,00 | | | 328.008,00 |
| **239** | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 2.488.134,00 | | | 1.582.602,00 |
| **244** | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2.063.640,00 | | | 936.230,00 |
| **247** | - - Други приходи | | | | 79.000,00 |
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 269.738,00 | | | 541.452,00 |
| **249** | - - Вонредни приходи | 154.756,00 | | | 25.920,00 |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 2.488.134,00 | | | 1.582.602,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 2.488.134,00 | | | 1.582.602,00 |
| **438** | - - Број на работници | 1,00 | | | 1,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 675.552,00 | 328.008,00 | | 328.008,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 675.552,00 | 328.008,00 | | 328.008,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 637.405,00 | 289.861,00 | | 289.861,00 |
| **13** | - - Благајна | 38.147,00 | 38.147,00 | | 38.147,00 |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 675.552,00 | 328.008,00 | | 328.008,00 |
| **51** | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКІ (052 ДО 061) | 134.100,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **55** | - - г) краткорочни финансиски обврски | 134.100,00 | | | |
| **62** | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 541.452,00 | | | 328.008,00 |
| **64** | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 541.452,00 | | | 328.008,00 |
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 675.552,00 | | | 328.008,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **680** | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 252.000,00 | | | 252.000,00 |
| **681** | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 104.520,00 | | | 104.340,00 |
| **682** | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 16.752,00 | | | 16.284,00 |
| **683** | - - Надомести на плати(< или = на АОП 232 од БПР) | 11.473,00 | | | 12.830,00 |
| **684** | - - Даноци на надомести(< или = на АОП 232 од БПР) | 1.275,00 | | | 1.426,00 |
| **688** | - - Приходи од членарини(< или = на АОП 244 од БПР) | 2.063.640,00 | | | 936.230,00 |
| **695** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 1,00 | | | 1,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 541.452,00 | | | 328.008,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 541.452,00 | | | 328.008,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 541.452,00 | | | 328.008,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **2598** | - 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место | | | | 1.582.602,00 |

**Потпишано од:**

Todor Galevski

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.